**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-557/7**

**Скопје, 13.11.2006 година**

**ДО**
**ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „Градски паркинг" Скопје (во понатамошниот текст Јавното претпријатие) за 2005 година, кои се прикажани на страните од 11 до 14.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „Градски паркинг" Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Милутин Славковски од 20.10.2003 година до 16.05.2005 година, - вршител на должност директор,
   - Љупчо Јованов од 16.05.2005 до 06.10.2005 година- вршител на должност директор, од 06.10.2005 година – директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 11, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 11.07.2006 до 25.08.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на законскиот застапник на јавното претпријатие добиени се забелешки на точките 10.1.1., 10.2.1., 10.2.3., 10.2.5., 10.2.6., и 10.3.1. од Претходниот извештај, број 1304-557/6 од 01-11-2006 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Градски паркинг“ е основан со Одлуката за основање број 09-3080/1 од 20.10.2003 година, донесена од Советот на Град Скопје според која, основачкиот влог од 2.500 евра го обезбедува Град Скопје. Наведениот износ на основачкиот влог, е и по судската регистрација, (регистарска влошка бр. 02054034-7-09-000, и трег број 4500/03 од 13.11.2003 година - Основниот суд – Скопје 1) односно истиот е во денарска противвредност од 153 илјади денари. При ова во ниту еден од претходните акти не е наведено дали имотот на друштвото при основање е паричен или непаричен влог. Со писмо бр. 193/02 од 23.06.2005 година, примено на 07.07.2005 година во Основниот суд – Скопје 1, Јавното претпријатие бара информација од судот, за видот на основачкиот влог, но до денот на ревизијата не е добиен одговор од надлежниот суд. Неопределувањето на видот на основачкиот влог од страна на основачот, е спротивно на Законот за трговски друштва, а немањето информација за истото го оневозможува потврдувањето на реалноста и објективноста на искажаниот износ на позицијата запишан, а неуплатен капитал, во износ од 153 илјади денари во Билансот на состојба.

11.1.2. Со Решение број 09-3871/1 од 26.12.2003 година, Советот на Град Скопје врши именување на членови на Управниот одбор на „Градски паркинг“ Скопје и тоа вкупно 10, сите претставници на основачот - Град Скопје што е спротивно на Законот за јавни претпријатија. и Статутот на ЈП во кој е утврдено дека од вкупно 9 членови на Управниот одбор, шест члена се претставници на основачот Град Скопје, а три члена се од редот на вработените во претпријатието. Управниот одбор во наведениот состав, е разрешен со Одлука за разрешување на претседателите и членовите на управните одбори на јавните претпријатија чиј основач е Град Скопје, број 09-1622/1 од 16.06.2005 година, донесена од Советот на Град Скопје. Со Решение за именување претседател и членови на Управниот одбор на „Градски паркинг“ бр. 09-2422/1 од 31.08.2005 година, се именуваат 5 членови на новиот Управниот одбор и тоа како претставници на Град Скопје, а дури на 30.11.2005 година Советот на Град Скопје со Решение број 09-3954/1 како претставници на вработените именува два члена поради

ограничен број на вработени. Именувањето на членови на управниот одбор спротивно на критериумите утврдени во Законот за јавните претпријатија и Статутот предизвикува непочитување на наведените одредби и оневозможува заштита на интересите на вработените и Јавното претпријатие.

11.1.3. На увид на ревизијата е даден Правилникот за внатрешна организација и систематизација на Јавното претпријатие архивиран под број 001-1 од 09.01.2004 година за кој се утврдени следните неправилности и тоа:

- во Правилникот не е наведен денот на кој е донесен од Управниот одбор, ниту е потпишан од Претседателот на Управниот одбор, односно истиот документ ги нема атрибутите на уреден и веродостен документ, што е спротивно на одредбите од Законот за трговските друштва и Уредбата за канцелариско и архивско работење,
- делот на Правилникот кој се однесува на организацијата на претпријатието не е усогласен со Стаутутот на Јавното претпријатие бр. 1 од 09.01.2004 година, бидејки во Правилникорт е предвидено процесот на работењето да се обавува преку четири сектори и тоа Сектор за јавни паркиралишта, Сектор пајак, Сектор за економика и Сектор за правни и општи работи, а во Стаутутот, освен претходните четири, е предвиден и пети, Сектор автобуска станица,
- делот на Правилникот за внатрешна организација и систематизација односно во делот на описот на работите и условите што треба да ги исполнуваат работниците по работни места, не е наведен потребниот број на вработени, за секое работно место. Имено само во еден од четирите сектори и тоа во Секторот за правни и општи работи за секое работно место е наведен бројот на извршителите, а во останатите сектори (јавни паркиралишта, пајак, и економија) само за по едно работно место е наведен бројот на извршители, а за останатите работни места не е наведен бројот на извршители, или е наведено дека бројот на извршители е по потреба.

Погоренаведените констатации предизвикуваат постоење неуредни веродостојни документи, неусогласеност на актот со одредбите на Статутот и неутврден број на извршители кое создава можност за субјективизам при вработувањата.

11.1.4. На увид на ревизијата е даден Правилник за плати, надомести на плати и други примања, (со назнака на насловната страна месец 05.2005 година), архивиран под број 03-915 од 30.12.2005 година, за кој се утврдени следните неправилности и тоа:

- во Правилникот не е наведен денот на кој е донесен од Управниот одбор, ниту е потпишан од Претседателот на Управниот одбор и нема архивски број и датум односно истиот документ ги нема атрибутите на уреден и веродостен документ, што е спротивно на одредбите од Уредбата за канцелариско и архивско работење,
- во член 5 од Правилникот, работните места, се распоредуваат во девет групи во кои бројот на бодови по степени на сложеност, се вреднуваат од минимален број до максимален број на бодови за сите девет групи (пример од 9191 до 11100 бода -девета група на сложеност), без притоа да се наведат критериумите потребни за минималниот, односно максималниот број на бодови по одредена група на сложеност,
- при пресметката на нето платите на вработените не се почитуваат одредбите од член 7 од Правилникот, поради тоа што за пресметка на платите на вработените не е донесена одлука за утврдување вредноста на бодот.

o применетиот број на бодови при пресметката на нето платите на вработените не е проследен со Решение за исплата на плата, односно изостанува уреден и веродостоен акт со кој се утврдува бројот на бодови за пресметка на платите на вработените.

o пресметката на платата на директорот, се врши со број на бодови од 15.000 што е спротивно на одредбите од Правилникот во кој е наведено дека основната плата на работното место Директор ја одредува Управниот одбор со посебна Одлука. На ревизијата не и е презентиран соодветен акт.

Погоренаведените констатации предизвикуваат постоење на неуредни веродостојни документи, отсуство на пишани критериуми за утврдување бројот на бодови, непостоење на соодветен акт за утврдување висината на бодот, непостоење на соодвете акт за утврдување на бројот на бодови по вработен и непостоење на соодветен акт донесен од надлежен орган за утврдување на плата на директорот, кое може да доведе до субјективно постапување при исплата на платите.

11.1.5. Јавното претпријатие не превземало активности за наплата на комунална такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината односно градот Скопје, што е спротивно на одредбите на член 3 став 1 точка 8 од Законот за комунални такси и тарифен број 8 од Тарифата за комуналните такси. Непочитувањето на одредбите од наведените законски и подзаконски акти предизвикува потценување на изворните приходи на општините во градот Скопје односно на градот Скопје на чие подрачје требало да биде извршена наплатата.

11.1.6. Во Јавното претпријатие од ден 02.06.2005 е извршено превземање на петнаесет вработени од ЈП „Улици и патишта“ по Спогодба за превземање на работници број 121/02 архивирана на 06.06.2005 година, кои засновале работен однос во Јавното претпријатие на ден 08.06.2005 година. Седум вработени не го исполнуваат утврдениот критериум/степен на образование-стручна спрема според Правилникот за внатрешна организација и систематизација, односно наведените лица имаат понизок степен на стручна спрема од потребниот. Ваквата пракса Јавното претпријатие продолжило да ја применува и за дел од новопримените лица во текот на 2005 година што е спротивно од одредбите на наведениот правилник. Вработувањето на лица со понизок степен на стручна подготовка од пропишаниот оневозможува правилно и соодветно реализирање на работните задачи од страна на вработените.

**Препораки и мерки:**

1. Јавното претпријатие да превземе понатамошни мерки и активности за обезбедување соодветен акт кој ќе овозможи утврдување на видот на основачкиот влог од страна на основачот.
2. Основачот на јавното претпријатие да обезбеди доследно почитување на Законот за јавните претпријатија и подзаконските акти во процесот на назначување на членови во Управниот одбор.

3. Јавното претпријатие да превземе активности за отстранување на утврдените недоследности во Правилникот за внатрешна организација и систематизација и Правилник за плати, надомести на плати и други

примања со сите потребни елементи за следење на наменското и законското трошење на средствата.

4. Јавното претпријатие да превземе активности за доследно почитување на одредбите од Законот за комунални такси а наплатената такса за користење на простор за паркирање ја уплати на пропишаната уплатна сметка за јавни приходи на град Скопје.

5. Јавното претпријатие да превземе активности за преиспитување на утврдениот критериум/степен на обрзование-стручна спрема во актот за внатрешна организација и систематизација и по оценка изврши негово изменување и дополнување односно при вработувањата обезбеди доследно почитување на утврдените критериуми.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Јавното претпријатие не остварило доследно почитување на пропишаните сметководствени политики и начела поради тоа што: не превземало активности за затварање на трговските книги на претпријатието со состојба 31.12. 2005 година, спроведување на промени во трговските книги без веродостојни и вистинити сметководствени документи, извршени промени во базата на податоци без да се изврши печатење на налозите и нивно одложување во трговските книги и евидентирање на сметководствени промени кои се спротивни на принципот на двојно сметководство што е спротивно на член 472 од Законот за трговските друштва. Ваквата состојба предизвикува да се намали степенот на корисност и квалитет (разбирливост, релеватност, веродостојност и споредливост) на финансиските извештаи.

11.2.2. Јавното претпријатие не обезбедило доследно почитување на утврдените сметководствени политики за признавање на расходите согласно пресметковната основа односно признавање на направените расходи за периодот за кој се однесуваат што е спротивно на точка 22 и точка 97 од Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи согласно МСС. Непочитување на утврдените политики и одредби од МСС предизвикува информациите кои ги даваат финансиските извештаи да не поседуваат квалитет на релевантност, веродостојност и верно преставување на трансакциите односно потценување на расходите и преценување на добивката пред оданочување.

11.2.3. Јавното претпријатие во трговските книги евидентирало средства во износ од 12.922 илјади денари (што преставува 80,15% од вкупните приходи) како приход од наплатени парични средства во готово од паркиралиштата со кои стопанисува. Евиденцијата на наведениот износ на позицијата приходи од продажба на производи, стоки и услуги на домашен пазар е проследено со низа неправилности а пред се:

- од месец втори, кога почнува работењето преку жиро сметката, до вработувањето на благајник (на неопределено време) во Сектор пајак во месец септември и благајник во Сектор економија во месец октомври, располагањето со парични средства од паркиралиштата и од пајак службата е доверено на три лица, ангажирани по договор за дело, со отсуство на спроведувани постапки на интерни контроли, и увид во реално остварениот приход,


ул: “Маршал Тито” - 12/3
Палата Македонија - Скопје
тел:211-262, факс:126-311

- o евиденцијата на паричните средства во благајната е врз основа на неажурна и нецелосна документација, во која отсуствуваат прилози-фискални сметки кон сите каси прими,
- o неправилно пополнување на парагон блоковите, како и неажурно и ненавремено водење на итната сметководствена книга и книгата за дневни финансиски извештаи по паркиралишта, што е спротивно на член 11 и член 12 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања,
- o вкупниот износ на примена готовина по каси прими и износот на уплатените парични средства по уплатница за уплата на жиро сметка не секогаш кореспондираат,
- o придружната документација во касата (каса прими и дневниците на благајна) се повеќе пати корегирани што е проследено со отсуство на хронологија во броевите на каси прими, односно постоење на два и три исти броеви на каси прими,
- o постои разлика во типот на образецот, дневник на благајна во сметководствената евиденција/трговските книги со дневниците на благајна односно оргиналниот образецкој е користен и кој треба да се наоѓа кај благајникот. Јавното претпријатие изврши ограничување на делокругот на вршењето на работите на ревизијата поради тоа што не ги стави на увид оргиналните обрасци на благајничкиот извештај (со изговор дека се изгубени).
- o погрешно е пренесено крајното салдо на средствата расположиви во дневник на благајна од 30.12.2005 година и искажани во дневник на благајната на 31.12.2005 година со што е констатирано потценување на пренесеното салдо за износ од 8 илјади денари.
- o Со пописот на паричните средства со состојба на 31.12.2005 година констатиран е кусок на парични средства во благајната во износ од 9 илјади денари, со тоа што комисијата за попис предлага истиот да падне на терет на претпријатието.

Погоренаведеното укажува на отсуство на контролни постапки во располагањето со готовинските средства, ограничување на делокругот на вршењето на ревизијата и можност од злоупотреба и незаконско и ненаменско користење на средствата.

11.2.4. Јавното претпријатие пристапило кон продажба на чип картици кои се наменети за користење на услугите за паркирање на паркиралиштата на кои се поставени електрични рампи со компјутерско регулирање на влезот и излезот, без да се утврди цената на чинење на истите и за истото се обезбеди согласност од основачот што е спротивно на одредбите од Законот за јавните претпријатија. Непочитувањето на наведените одредби предизвикува продажба на производи без утврдена цена на чинење од надлежните органи и пречекорување на овластувањата од страна на менаџерите во остварувањето на наведените приходи.

11.2.5. Јавното претпријатие не обезбедило доследно почитување на одредбите од актот за утврдување на благајничкиот максимум и Законот за платен промет, поради тоа што континуирано во својата благајна држи пари во готово за готовински исплати над висината на утврдениот благајнички максимум, не секогаш врши уплата на дневниот пазар на жиро сметка веднаш или најкасно наредниот ден на сметката на претпријатието и врши набавка на производи во готово чија вредност изнесува над 100Евра денарска противвредност. Ваквото благајничко работење е спротивно на одредбите од Законот за

платен промет, со што се отежнува следењето на наменското користење на паричните средства во благајната и се зголемува ризикот од злоупотреба на паричните средства.

11.2.6. Јавното претпријатие не обезбедило доследно почитување на пропишаните политики за правилно извршување на пописот на матријалните средства, побарувањата, обврските и паричните средства ...., поради тоа што Управниот одбор на „Градски паркинг“ на ден 27.02.2006 година донел Одлука број 02-183/7 од 16.03.2006 година за усвојување на Извештајот за попис од централната пописна комисија за 2005 година заведен под број 02-143/2 архивски заведен на 14.02.2006 година. Наведениот Извештај во делот на табеларните прегледи на износите, вредностите на основните средства, ситниот инвентар, побарувањата од купувачите, обврските кон добаваувачите и обврските за примени аванси од комитенти, содржи корекции извршени со рака, при што рачно напишаните износи се усогласени со износите во сметководствената евиденција, што не е случај, со износите во табелите. На ревизијата е даден и корегиран Извештај од централната пописна комисија, но не потпишан од членовите на истата, и не архивиран. Погоренаведеното наведува на отсуство на вистинска верификација на искажаната состојба по попис од страна на лицата задолжени за извршување на истиот, а со тоа и отсуство на веродостојност на искажаните состојби по извршениот попис на ден 31.12.2005 година и реално и објективно искажување на соодветните позиции во Билансот на состојба.

11.2.7. При ревизијата на пописот на основните средства и ситниот инвентар со состојба на ден 31.12.2005 година се констатирани следните неправилности и тоа:

- о пописот на истите не е реализиран со изготвување на пописни листи за изршен физички попис, како основа за констатираната фактичка состојба, и нејзино усогласување со сметководствената, односно материјалната евиденција, што е спротивно на Правилникот за начинот и роковите на вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба,
- о не е воспоставена материјална евиденција по приемници за основните средства и ситниот инвентар, набавен во текот на годината, добиени со преотстапување, и со пренесено право на трајно користење,
- о не постојат инвентарни броеви на самите основни средства, и нивно евидентирање по овие броеви во материјалната евиденција, книгата на основни средства, што го оневозможува потврдувањето на сеопфатноста на евиденцијата на истите,
- о не се врши задолжување по лица за основни средтсва и ситен инвентар кои се дадени на користење на вработените,
- о не е извршен попис на чип картичките за месечни и годишни претплати за користење на паркинзите од страна на физички и правни лица.

Утврдената состојба има за ефект неможност од утврдување односно усогласување на фактичката состојба со сметководствената евиденција и можност за незаконско и ненаменско користење на средствата.

11.2.8. Јавното претпријатие не обезбедило доследно почитување на пропишаната сметководствена политика за начинот на евидентирање

на ситниот инвентар со што врши неправилна сметководствена евиденција на набавениот ситен инвентар за износ од 444 илјади денари и набавени автогуми за износ од 53 илјади денари, заради нивно целосно бришење од трговските книги. При ова освен евиденцијата на исправката на вредноста и искажување на трошокот за нивното ставање во употреба 100%, извршено е и целосно затварање на наведените позиции. Со неискажувањето на бруто износот на набавениот ситен инвентар и автогуми, и износот на исправката на вредност во финансиските извештаи, е оневозможено потврдување на постоењето на ситниот инвентар и автогуми, и нереално и необјективно искажување на наведение позиции во Билансот на состојба.

**Препораки и мерки:**

1. Менаџментот на претпријатието да превземе активности за доследно почитување на пропишаните сметководствени политики од областа на затварање на деловните книги на крајот на пресметковниот период, спроведување на промените во трговските книги врз основа на уредни и веродостојни документи и соодветно признавање на расходите.

2. Менаџментот да превземе активности за утврдување на степенот на одговорност на лицата инволвирани во благајничкото работење, пропише и обезбеди доследно почитување на пропишаните политики за благајничко работење.

3. Претпријатието да пристапи кон утврдување на цената на чинење на сите производи и услуги кои ги нуди на пазарот и да обезбеди соодветна согласност од основачот.

4. Претпријатието да пропише соодветни интерни акти за доследно почитување и правилно спроведување на пописот на матријалните средства, ситниот инвентар, побарувањата, обврските и паричните средства.

11.3. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.3.1. Јавното претпријатие во своето работење не обезбедило доследно почитување на одредбите на Законот за јавните набавки поради тоа што не извршило благовремено формирање на орган за спроведување на постапката за набавка, донесен е план за јавни набавки без да се утврди изворот за финансирање на истите односно да се утврди граничниот износ на секоја пооделна потребна набавка, не е утврдено одговорното лице кое ќе биде задолжено за спроведување на набавките од мала вредност што е спротивно на член 11, член 12 и член 72 став 4 од наведениот закон. Исто така извршени се набавки во износ од 3.484 илјади денари за кои не се доследно почитувани одредбите од наведениот закон односно за набавките во износ од 1.513 илјади денари и набавки од мала вредност во износ од 1.093 илјади денари извршено е повреда на одредбите од Законот за јавни набавки а за набавките во износ од 878 илјади воопшто не е спроведена соодветната потребна постапка (отворен повик односно набавки од мала вредност), кое предизвикува создавање на нерамноправна положба на понудувачите, фер конкуренција и јавност и транспарентност при набавките.

11.3.2. Јавното претпријатие во текот на 2005 година континуирано ангажира физички лица за извршување на работни задачи без акт во писмена форма за утврдување на правата и обврските на инволвираните странки односно започнувајќи од месец јуни 2005 година пристапува кон склучување на договори за дело со тоа што исплата се врши во готово заклучно со месец август а во понатамошниот период исплата се врши преку авторска агенција. За ангажирањето на вкупниот број на лица кој од период во период е променлив и се движи од 25-39 лица исплатени се средства во вкупен износ од 3.339 илјади денари, што е спротивно на законот за облигационите односи, Законот за работни односи и Законот за авторското право и сродните права. Непревземањето на активности за доследно почитување на наведените законски акти предиузвикува неуредени мегусебни односи со инволвираните страни, неможност за остварувања на правата на работниците загарантирани со уставот, создавање можност за пресметка и плаќање на помал износ на персонален данок и можност за ненаменско и незаконско користење на средствата.

11.3.3. На ден 15.12.2005 година склучен е Договор за уредување на јавните паркинг-простори на подрачјето на град Скопје, односно вложувањата во нивното уредување и опремување склучен помеѓу Град Скопје и Јавното претпријатие заведен под број 03—869 на износ од 1.500 илјади денари. И покрај тоа што во одредбите на наведениот договор е наведено дека средствата се плаќаат како противвредност на извршените работи од страна на градот Скопје за вложувањата и опремувањата на јавните паркинг простори, во прилог на извршената трансакција изостануваат веродостојни и уредни документи со кои ќе се потврдат извршените вложувања од страна на градот Скопје, дека истите се предадени во сопственост на Јавното претпријатие и дека е донесен соодветен акт за одобрување од страна на управниот одбор на претпријатието што е спротивно на Законот за трговските друштва и статутарните одредби. Наведената состојба предизвикува одлевање на средства без правен основ односно незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препораки и мерки:**

1. Јавното претпријатие да обезбеди доследно почитување на Законот за јавни набавки и обезбеди рамноправна положба на понудувачите и фер конкуренција.

2. Јавното претпријатие да превземе активности во насока на напуштање на праксата на ангажирање на физички лица со договор за дело, ја преиспита потребата од нивно ангажирање и истото го изврши согласно Законот за работни односи односно Законот за вработување односно Законот за агенциите за привремени вработувања.

3. Јавното претпријатие да превземе постапка за повраќај на одлеаните средства од претпријатието во корист на основачот без уредна и веродостојна документација.

11.4. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1; 11.2 и 11.3. предизвикуваат Јавното претпријатие да: го искаже основачкиот влог без уредна и веродостојна документација, постојат несоодветни, уредни и

вродостојни интерни акти, вработување на лица без соодветно оброзование утврдено со интерниот акт, недоследно почитување на утврдените сметководствени политики, несоодветно располагање со паричните средства во благајната, несоодветно признавање на расходите, неутврдена цена на сите производи и необезбедена согласност од основачот, несоодветно извршен попис, недоследно спроведени постапки за јавни набавки, ненаплатување на таксата за користење на паркинг простор и неосновано исплатени средства на основачот во износ од 1.500 илјади денари.

12. Поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1. до 11.3. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „Градски Паркинг“ Скопје под 31 Декември 2005 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум.

13. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.2.3 ние не изразуваме мислење за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2005 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1. Јавното претпријатие, основачот Градот Скопје и Јавното претпријатие „Улици и патишта“-Скопје не превземале соодветни активности со кои ќе се изврши доследно и соодветно распоредување односно давање на користење односно сопственот на матријалните средства кои преставуваат основа за извршување на дејноста на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Градски Паркинг“-Скопје и обезбедување на соодветен веродостоен и уреден акт за истите. Јавното претпријатие во текот на 2005 година користи повеќе материјални средства од ЈП „Улици и патишта“-Скопје и основачот градот Скопје но заклучно со 31.12.2005 година не се превземени потребните активности со кои ќе се разреши наведената состојба и која ќе овозможи Јавното претпријатие да има континуитет во работењето.

15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Јавното претпријатие во текот на ревизијата:

15.1. По завршување на ревизијата Јавното претпријатие изврши корекција на одредени состојби на сметките во трговските книги за 2005 година, кои произлегуваат од несоодветна примена на утврдените сметководствени политики, при што по дадената исправка од страна на ревизијата истата има за ефект потценување на трошоците и преценување на добивката пред оданочување за износ од 286 илјади денари и преценување на активата и пасивата на билансот на состојба за 27 илјади денари. Наведената исправка е спроведена со налог број ИСПР 2006 година.

**Скопје, 11.11.2006 година** **Овластен државен ревизор**

**ЈП за јавни паркиралишта „Градски Паркинг“ Скопје**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| ОПИС | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 16,015 | - |
| Останати деловни приходи | 33 | - |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **16,048** | **-** |
| Материјални трошоци | 4,267 | - |
| Трошоци за бруто плати | 4,288 | - |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 41 | - |
| Останати оперативни трошоци | 7,389 | - |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **15,985** | **-** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 7 | - |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **70** | **-** |
| Вонредни приходи | 67 | - |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **137** | **-** |
| **Данок од добивка** | **-** | **-** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **137** | **-** |

**ЈП за јавни паркиралишта „Градски Паркинг“ Скопје**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 442 | - |
| Побарувања по основ на продажба | 381 | - |
| Други краткорочни побарувања | 5 | - |
| Платени трошоци за идните периоди | 662 | - |
| **Вкупно тековни средства** | **1,490** | **-** |
| **Нетековни средства** | | |
| Побарувања за запишан, а неуплатен капитал | 153 | |
| Нематеријални и материјални средства | 247 | - |
| **Вкупно нетековни средства** | **400** | **-** |
| **Вкупна актива** | **1,890** | **-** |
| **Вонбиласна евиденција-Актива** | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 1,511 | - |
| Останати краткорочни обврски | 89 | - |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **1,600** | |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 153 | - |
| Нето добивка | 137 | |
| **Вкупно капитал и резерви** | **290** | **-** |
| **Вкупна пасива** | **1,890** | **-** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | | |

**ЈП за јавни паркиралишта „Градски Паркинг“-Скопје**

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2005 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Добивка од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **-** | **-** | **-** |
| Запишан капитал | 153 | | **153** |
| Добивка за финансиска 2005 година | | 137 | **137** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **153** | **137** | **290** |

**ЈП за јавни паркиралишта „градски Паркинг“ Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2005 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2005/2004** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(149)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 28 |
| **Готовински текови од работење** | **(121)** |
| Побарувања по основ на продажба | (381) |
| Други краткорочни побарувања | (5) |
| Платени трошоци за идните периоди | (501) |
| Обврски спрема добавувачи | 1,588 |
| Останати краткорочни обврски | 89 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **669** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (227) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(227)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **442** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **-** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **442** |